Петре Т. ГЕОРГИЕВСКИ

# КАРАКТЕРИСТИКИ НА ВЕБЕРОВИОТ СОЦИОЛОШКИ МЕТОД

*Во трудот се укажува на интелектуалната клима во Германија во 1880-те години која беше именувана како "борба околу методот" и во која се оформуваше Веберовото гледиште за социолошкиот метод. Ова гледиште тој го градеше во рамките на остриот судир меѓу позитивизмот и историцизмот, притоа, заземајќи критички однос и кон едниот и кон другиот епистемолошко-методолошки правец. Исто така во овие рамки тој создаваше и визија за социологијата како наука, од што, покрај другото, може да се изведува и неговото сфаќање на нејзиниот метод. Овој метод се означува како методолошки "индивидуализам" што е повеќе Веберово доктринарно одредување отколку што е практично применуван во неговите историско-компаративни истражувања кои содржат и методолошки "холизам". Но, Веберовиот метод е интерпретиран како методолошки индивидуализам од Хајек, Попер и Будон.*

*За да се разберат карактеристиките на Веберовиот социолошки метод во трудот се разгледуваат следните прашања: Дефиницијата на социологијата и методолошкиот индивидуализам, Веберовото сфаќање на вредностите, разбирањето и каузалното објаснување.*

**Клучни термини:** методолошки индивидуализам, културни вредности, вредносно-неутрална наука, разбирање, мисловен експеримент, каузално објаснување

## I. Вовед

Веберовото сфаќање на методот и неговиот придонес на овој план се неразделен дел на неговата социологија која, без сомнение е класична и до ден-денес современа. А методолошките идеи и решенија по правило се во тесна врска со теориските идеи во социологијата. Токму кога станува збор за единичните идеи во социологијата, како што напоменува Роберт Низбет (Nisbet, 1973) тие се онолку видливи и насочувачки за денешните интелектуални настојувања,

колку беа трудовите на Токвил, Вебер, Диркем и Зимел кои направија камен-темелник на модерната социологија. "Од денешната социологија отстранете ги оние перспективи и рамки со кои нас не снабдија луѓето како Вебер и Диркем, па од сé едвам ќе останат куп податоци и расфрлени хипотези".

Веберовите тези и сфаќања во социолошката теорија и методологија речиси се наоѓаат во постојана комуникација со најсовремените теориски и методолошки расправи што како индикатор може да послужи подоцнежната странска периодика (списанија) и објавените теориски и методолошки студии од социологијата. Факт е дека Вебер е еден од најцитираните социолози (Георгиевски, 1999:21) кој успеа да создаде сопствено оригинално методолошко гледиште со кое се обиде да ја надмине спротивставеноста меѓу социолошкиот позитивизам - карактеристичен за француската социолошка традиција и атеориски забревтаниот историцизам во општествените науки - карактеристичен за интелектуалната клима во Германија во втората половина на 19 век. Своето методолошко гледиште Вебер го формираше и развиваше токму во рамките на остриот судир меѓу позитивизмот и историцизмот во општествените науки, обидувајќи се да заземе средно и умерено гледиште кое не е механички спој на овие спротивставени методолошки ориентации, туку, напротив, нивно динамичко и кохерентно поврзување. Израснат во рамките на кантовската и неокантовската интелектуална традиција, Вебер критички се однесуваше кон позитивизмот, од една страна, но исто така критички и кон историцизмот, особено откако излезе книгата на Карл Менгер *Истражување за методот на општествените науки*. Во оваа книга Менгер го критикуваше историцизмот првенствено како атеориски насочен од позициите на класичната економска теорија и развивајќи ја теоријата на маргинална корисност. Книгата на Менгер излезе 1883 година, врз чии тези остро реагираше Г. Шмолер, како еден од челниците на историската школа во тоа време. Така започна "борбата околу методот" меѓу Менгер и Шмолер и нивните приврзаници. Во развивањето на Веберовото методолошко гледиште оваа "борба околу методот" одигра значајна улога. Вебер го порекнува постоењето на историски закони, но се придружувал на Шмолер во поглед на законите за униформности кои важеле во нивната периодичност. Се смета дека Рикертовата книга *Лимитите на формирање концепт на општествените науки* (1902 г.) во основа го оформиле Веберовото мислење за идеалните типови. Карл Менгер исто така во тоа имал свој придонес, особено со неговата доктрина за "егзактни" концепти (Jacobs, 1990). Меѓутоа и покрај сето

ова влијание врз оформувањето на неговото методолошко сфаќање, сепак треба да се каже дека Веберовата критика на идеалистичката традиција во општествените науки била многу подлабока и попродорна од Менгеровата (Đurić, 1964:48).

Своите сфаќања за суштинските разлики на методот меѓу природните и општествените науки, Вебер поопширно ги изнел во низа свои полемички статии *Рошер и Книс* (Roscher und Knies) и *Логичките проблеми на историската економска наука*, но тие се употребени и во статијата *Објективност на општествено-научното и општествено-политичкото сознание* како и во статијата *Критички студии од областа на логиката и културно-историските науки*. Веберовите аргументи против радикалното одвојување на општествените од природните науки (гледиште на историцизмот) се насочени во два правци: 1) Вебер покажува дека објективната природа на предметот со што се занимаваат општествените науки не неовозможува употреба на аналитичка постапка, ниту го загрозува теориското настојување во оваа област; 2) Вебер покажува дека тоа што општествените појави се понепосредно дадени од природните појави и што ги доживуваме на специфичен начин, нема никакво влијание врз логичката структура на сознанието во општествените науки (Đurić, 1964). Овој иницијален историски вовед во Веберовото сфаќање на социолошкиот метод е неопходен за да се разбере и следи натамошното Веберово развивање на овој метод што исто така произлегува од: 1) дефинирањето на социологијата и методолошкиот "индивидуализам"; 2) сфаќањето за вредностите во социологијата и социолошкото истражување; 3) учењето за разбирањето и каузалното објаснување и 4) поимот и улогата на идеалните типови во социолошкото истражување и нивното влијание во современата социолошка методологија.

## II. Дефиниција на социологијата и методолошкиот "индивидуализам"

Содржината на Веберовата дефиниција на социологијата и неговиот методолошки пристап се тесно поврзани. Може методолошкиот пристап да се изведува и од дефиницијата на предметот на социологијата, но исто така може да се смета за исправно дека Веберовата социологија е заснована врз методолошка одлука која се состои во општествениот живот да се испитаат постапките на поединците на

кои овие им придаваат некоја смисла и значење и кои се толкуваат со нивната субјективна и објективна смисла за да можат да се разберат, па потоа и каузално да се објаснат. Во оваа смисла Веберовата дефиниција на социологијата гласи:

> "Социологијата (во онаа смисла во која овој збор, инаку употребуван во многу значења, овде се подразбира) е наука која настојува интерпретативно да ја разбере општествената акција (дејствување) и со тоа каузално да го објасни нејзиниот тек и нејзините последици. Притоа, под 'акција' треба да се подразбира човековото однесување но, само тогаш и доколку оној кој дејствува или оние кои дејствуваат му придаваат субјективно значење. Дејствувањето во оваа смисла може да биде или отворено или целосно внатрешно или субјективно; тоа може да се состои од позитивна интервенција во ситуацијата или од намерно воздржување од таква интервенција или од пасивно трпење во ситуацијата. Акцијата е општествена се додека се засновува врз субјективното значење што му го придава индивидуата (или индивидуите) и која во својот тек се ориентира кон однесувањето на другите". (Weber 1947, Craib, 1997:43)

Веберовата дефиниција на социологијата[1] е наведена во целина поради тоа што одделни социолози во определувањето на Веберовото методолошко гледиште тргнуваа само од одделни нејзини димензии. Оттука, тие Веберовиот метод го означуваат како "рационален метод" (Jacobs, 1990) или како "каузална методологија" (Kalberg, 1994), "метод на разбирање", типолошки метод (Schnapper, 1999) или "метод на идеални типови"; методолошки индивидуализам (Hayek, Popper, 1969; Boudon, 1991, 1998).

Што се однесува до типолошката димензија или аспект на Веберовиот метод ќе стане збор во посебен труд.[2] Овде накусо ќе се осврнам врз сфаќањето за означување на Веберовиот метод како "методолошки индивидуализам" што делумно произлегува од наведената дефиниција на социологијата како наука, но уште повеќе од експлицитното изјаснување на самиот Вебер, пред крајот на својот живот во писмото до својот пријател економист Роберт Лифман (Liefmmann, 1920).

> "Ако на крајот сум станал социолог (како што тоа го покажува одлуката за мојата номинација) тоа е затоа за да ставам финална точка на овие базични вежби на колективни

концепти чии спектар секогаш осцилира. Со други зборови, социологијата, исто така може да пристапува кон една, кон неколку или кон многубројни индивидуи, затоа таа треба стриктно да применува 'индивидуалистички' методи" (наведено според Raynaud, 1996:93).

Р. Будон (Boudon) и Ф. Бурико (Bourricaud, 1982:11) текстот од наведеното писмо на Вебер до Лифман го сместуваат во епиграф на една од одредниците на нивниот *Критички речник* на социологијата и во тоа гледаат знак на припадност кон движењето на методолошкиот индивидуализам, особено претставен од Хајек и Попер. Како што истакнува Ф. Рејно (Raynaud, 1996) методолошкиот индивидуализам се крактеризира со својата спротивставеност на "холистичкото" движење што е предоминантно во францускaта социологија, почнувајќи од О. Конт и Диркем па се до Л. Димон. Холистичкото движење е ориентирано кон тоа социологијата во своите проучувања да им даде приоритет на колективните структури кои претходат на индивидуите. Будон откако го цитира наведеното писмо на Вебер во својот труд *Индивидуализмот и холизмот* (Боудон, 1991:45) истакнува дека е важно да се забележи дека Вебер зборот "индивидуалистички" го става под наводници за да означи дека не е потребно да биде земен во неговото вообичаено значење, што зависи од етиката или социологијата. Така во етичко значење индивидуализмот е доктрина според која индивидуата е појдовна, референтна точка. "Индивидуализмот" во оваа смисла особено се спротивставува на "колективизмот". Во социолошкото значење се смета дека општеството е индивидуалистичко кога автономијата на индивидуите се прифаќа преку законите, обичаите. Додека, пак, принципот на "методолошкиот индивидуализам" според Р. Будон, изразува гледиште дека за да се објасни кој и да е општествен феномен - без разлика дали тој произлегува од демографијата, од науката за политика, од социологијата или од секоја друга општествена наука - неопходно е да се реконструират мотивациите на индивидуите за кои станува збор преку феноменот што е во прашање и овој феномен да се сфати како резултат на агрегација на диктирани индивидуални поведенија од овие мотивации. И овој предлог е исправен, без разлика каква и да е формата на феноменот што треба да се објасни, исто така без разлика дали се работи за единечност, статистичка правилност што се преведува со збир на квантитативни или квалитативни податоци и т.н. (Boudon, 1991:46). Потоа, Будон наведува примери од социолошката литература на примена на методолошкиот "индивидуализам" и методолошкиот "холи-

зам", трудови кои се однесуваат на проблематиката на општествените движења и општествената мобилност.

Меѓутоа, Веберовата теорија за општеството и човекот ги опфаќа сите три степени на социолошката теорија: микро, средно и макро рамниште. Во создавањето на теоријата низ процесот на истражувањето Диркем и Вебер имаат обратни појдовни точки, иако целта им била слична: да се објаснат општествените феномени кои се предмет на истражувањето. Диркем тргнувал од колективните категории, колективната свест, функциите на појавите, стигнува до индивидуите, нивните мотиви, чувства, морални особини - особено во трудовите *Самоубиство* и *Елементарните форми на религискиот живот*. Вебер тргнува од индивидуата и нејзиното целно ориентирано дејствување преку различните односи што се создаваат во семејството, институциите, пазарот и пошироко и доаѓа до општествените структури и системи како поле на можни избори, без да се прави од индивидуалната акција (дејствување) единствен израз на потреби од "систем". Оттука, "функцоналистичките модели, за Вебер се едноставни хевристички инструменти кои можат да ги ориентираат прашањата на социологот но, од нив е невозможно да се изведува индивидуалната акција" (Raynaud, 1996).

Секогаш имало социолози кои ѝ придавале голема методолошка важност на индивидуалната акција. Така во средината на 40-те години на 19 век Маркс и Енгелс во Германската идеологија го определија своето појдовно методолошко стојалиште тргнувајќи токму од индивидуите, од нивната дејност и нивните материјални услови на живот, како затекнати така создадени со нивната сопствена дејност (Marks, Engels, 1964:15). Покрај Вебер и Парето, Токвил, Зомбарт и Зимел изразувале тесна врска со ова појдовно методолошко стојалиште.

Оттука, методолошкиот "индивидуализам" како таков не е специфична црта на делото на М. Вебер и покрај тоа што тој кај него е од доктринарно методолошка, а не толку истражувачка гледна точка, придобива посебно значење, особено ако се стави во контекст на методолошките дискусии во 1900-те години и на проблемите што тој сакаше да ги реши. Сепак, во конкретните истражувања на капитализмот како општествен и стопански поредок, Вебер зазема "холистичка" позиција. Тој во својот познат труд *Протестантската етика и духот на капитализмот* наведува дека капиталистичкиот стопански поредок е еден огромен космос во кој поединецот се раѓа и кој нему, доколку е неразделно поврзан со пазарот, му наметнува норми на неговото стопанско дејствување. Фабрикантот кој трајно работи против

овие норми ќе биде исто така неминовно економски елиминиран како што и работникот кој не може или не сака да им се прилагоди ќе биде фрлен на улица (Weber, 1989:24).

Меѓутоа, одредени современи теориски правци го запоставија овој теориско-методолошки придонес на Вебер. Оттука во право е Г. Рицер (Ritzer, 1997:346) кога истакнува дека иако Вебер во своето дело ја вградил претпоставката за актерите и нивното дејствување, неговиот вистински интерес беше проучување на културните и структурални ограничувања кои влијаат врз актерите. Наместо да се насочи кон тој аспект на Веберовото дело, акциската теорија оперира на рамниште на индивидуални мисли и акции. Слично мисли и Н. Моузелис (Mouzelis, 2000) за микросоциолозите кои се наклонети да заборават дека актерите поради својот нееднаков пристап кон економските, политичките и културните производни средства исто така нееднакво придонесуваат и за конструкцијата на општествената стварност. Меѓу причините за запоставување на макроактерите, според Моузелис е и шематската дистинкција "поединец-општество" што ја проникнува социологијата уште од нејзините почетоци.

## III. Веберовото сфаќање на вредностите и методот

Во развивањето на своето методолошко гледиште Вебер се концентрира врз *пристапот* на социологот кон општествената стварност, а само попатно се осврнува врз постапките (техниките) на социолошкото истражување, иако тој во своите конкретни истражувања широко и продлабочено ги користи историските документи и извори, статистички податоци и компаративната постапка.

Според Вебер, стварноста (природната и општествената) е хетероген континуум, т. е. непрегледно и разновидно мноштво на појави кои се наоѓаат во бесконечен синџир на причини и последици. Ова негово сфаќање на стварноста има онтолошко значење, покрај другото, поради тоа што стварноста е хетероген континуум без оглед на субјектот што ја спознава. Природните и општествените науки на различен начин пристапуваат кон стварноста. Така, според Вебер, природните науки успеваат да ја совладаат непрегледната разновидност на стварноста на тој начин што се интересираат за она што е општо, што секогаш се повторува според определени закони додека општествените науки на општествената стварност ѝ пристапуваат на тој начин што се интересираат за поединечните појави кои се наоѓаат

во врска со некоја од вредностите. Со ова јасно се покажува дека Вебер го прифатил Рикертовото гледиште според кое "односот кон вредностите е основен критериум со кој се раководат општествените науки". Според Вебер, за да се снајдеме во хетерогениот континуум на општествената стварност во изборот на предметот на истражување единствено е можно, ако при издвојувањето на одредени појави или "исечоци" од таа стварност, се раководиме од одредени културни вредности. Значи, културните вредности нè ориентираат во одреден правец кои појави, настани или аспекти на општествената стварност треба да ги истражуваме.

Од методолошка гледна точка е значајно да се истакне дека начинот на кој Вебер ги покренува прашањата за вредностите се разликува од оној на Диркем и на Маркс. Така, за Маркс науката за општеството ги носеше со себе вредностите на човековата еманципација и ја даваше основата за политичка акција. За Диркем, пак, слободата на вредностите беше резултат на отфрлените "предпоими" и придржување кон општествените факти. Како што истакнува И. Крејб (Craib, 1997:51), Вебер даде суптилен и комплексен аргумент што содржеше елементи на двете позиции (на Маркс и Диркем). М. Алброу (Albrow, 1990: 243-4; Craib, 1997:52) наведува десет точки за вредностите според Вебер, од кои првите четири се мошне значајни за неговото методолошко гледиште:

> "1. науката е водена од вредности како што се интегритет, строгост, јасност, вистина;
>
> 2. човечките суштества се суштества кои вреднуваат и тие го живеат својот живот со и за вредностите;
>
> 3. историјата има смисла единствено ако се разгледува од аспект на вредностите и
>
> 4. општествените научници ги избираат своите предмети на истражување во однос на вредностите."

Тука доаѓаме до прашањето што го поставува И. Крејб: ако Вебер ги смета вредностите толку централни за животот на луѓето, како може да зборува за слобода на вредностите? Одговорот е дека социологијата е слободна од вредности или "вредносно-неутрална" само на ограничен и специфичен начин, смета И. Крејб. Имено, изборот на научна кариера е само по себе вредносен избор - научникот се посветува на вредностите, на интегритет, на строгост, јасност и вистинитост, она што јас го избирам да го проучувам како научник е вредносен избор како што е и методот со кој јас избирам да го проучувам предме-

тот. Откако овие избори се направени, растечките вредности на науката - интегритет, строгост, јасност и т.н., влегуваат во игра и можно е да се конструира - во општествените науки - поделено рационално разбирање на она што го проучуваме. Вредносната слобода е секогаш вредносна слобода во рамките на нашата култура и нашите лични избори; всушност, вредносната слобода самата за себе е вредност што ние ја избираме. Вебер тука понекогаш додава нешто значајно што ние овде го разбираме не само за општествениот живот, туку и за социологијата. Социологијата може да произведе знаење (Диркем); таа може да произведе знаење што станува средство или оружје во политичката еманципација (Маркс), но тоа исто така вклучува избори на одредени вредности над и против други вредности; тоа вклучува она што во основа се морални избори и импликацијата е дека ние треба да го разјасниме моралниот избор што го правиме. Многу малку социолози се впуштаат во тој предизвик, заклучува И. Крејб.

Меѓутоа, во социолошката литература постои поинаква интерпретација на Веберовиот поим "вредносно неутрална наука" како што е онаа на Е. Гулднер, (Gouldner, 1975) кој тргнува од практично политички аспекти на германските универзитети во тоа време, додека В. Милиќ (Milić, 1989) тргнува од онтолошки и филозофски претпоставки и М. Ѓуриќ (Đurić, 1964) кој тргнува од методолошки и практично евалуациски аспект.

Сите четири интерпретации на Веберовото сфаќање на вредностите (Крејб, Гулднер, Милиќ, Ѓуриќ) укажуваат на фактот колку е комплексно и колку е слоевито Веберовото гледиште не само за овој проблем што значајно влијаеше врз развивањето на неговото методолошко гледиште, туку тоа е слично и за другите епистемолошки и теориски проблеми на неговата социологија.

## IV. Поимањето на категоријата разбирање и методот

Составен дел на Веберовиот метод на социолошко резонирање е Веберовото сфаќање и настојување да ги надмине ограничувањата на позитивистичкото и историцистичкото сфаќање на методот на општествените науки преку поврзување на двете основни категории - "разбирање" и "каузално објаснување". Категориите на разбирање и објаснување како и индивидуалната акција што е ориентирана кон другите и на која индивидуите и придаваат значење, се вградени во дефиницијата на социологијата. Меѓутоа, категоријата *разбирање* има

повеќекратно значење за социолошкиот метод: а) со разбирањет почнува работата на социологијата; б) тоа доведува до специфичнот во социолошкото сознание кое се разликува од сознанието во прирс дните науки и в) тоа претставува средство и премин кон каузално обја снување во социологијата. Сето ова најдобро се гледа од следнио текст изнесен во *Стопанството и општеството*:

> "Но, дури тука (со интерпретација на разбирањето- П. Г почнува работата на социологијата (во онаа смисла на зборо што е овде употребен). Ние сме, кога е збор за 'општественит творби' (наспроти 'организмите'), во ситуација преминувајќи г рамките на простото утврдување на функционални врски правила ('закони'), да оствариме нешто што е вечно недостаг но на секоја 'природна наука' (која може силно да постав каузални правила за настани и творби и да ги 'објасни' пое динечните настани). А тоа, всушност, значи дека сме в ситуација да го 'разбереме' поведението на *поединците* учесници, додека поведението на нпр. на ќелиите не го 'разбираме', туку можеме само функционално да го сфатим и тогаш да се утврди според *правилата* по кои се одвива Тоа што со објаснување по пат на толкување се остварув повеќе со објаснување по пат на набљудување се добива секако, по цена на тоа што резултатите кои се добиваат с толкување по својот карактер суштински се похипотетичк и пофрагментарни, но сепак, токму тоа е она специфично з социолошкото сознание" (Вебер, 1976:11).

Во трагањето по причините за општествената акција или индиви дуалното дејствување кое целно е ориентирано кон другите индиви дуи, за Вебер беше неопходно да се разбере значењето дадено н акцијата од страна на учесникот. Како што наведуваат М. Хараламбо и М. Холборн (Haralambos and Holborn, 1995:889), Вебер размислува за два вида на разбирање. Првиот вид е *актуелно разбирање (aktuelle verstehen)*, кое што грубо може да се преведе со директно набљудува чко разбирање. На пример, може да се разбере дека некој е лут с набљудување на неговиот израз на лицето. Слично, може да с разбере што се случува кога дрвосечачот сече шума. Но, за Вебе ова не е доволно рамниште на разбирање, за да се почне со објасну вање на општествената акција. Вториот вид на разбирање е *објаснува чко разбирање (erklärendes verstehen)*. Во овој случај социологот неопхо дно е да го разбере значењето на некоја акција (дејствување) в смисла на мотивите кои го предизвикале. Така, на *erklärendes verste*

*һеn* му треба разбирање на тоа зошто дрвосечачот ја сече шумата? Дали тоа го прави за да заработи плата, да запали оган или да се ослободи од лутината? За да се постигне овој вид разбирање, според Хараламбос и Холборн, неопходно е истражувачот да се стави себеси на местото на лицето чие поведение настојува да го објасни. Треба тој да се замисли себеси во неговата (на актерот) ситуација за да се обиде да допре до мотивите кои стојат зад неговите акции.

Меѓутоа, во врска со ова последното, интерпретациите на Веберовото гледиште од страна на Џекобс и Ѓуриќ, суштински се разликуваат од овие на Хараламбос и на Холборн. Имено и двајцата автори се повикуваат на текстови од делото на Вебер. Така Џекобс истакнува дека во есеите за *Рошер и Книс Вебер* експлицитно и повеќепати го одбива методот на емпатична проекција (поистоветување со другиот - П. Г.) или рекреирање на мисловните процеси и искуства на другите луѓе во нашите мисли. Општествениот научник не може да дојде до мотивите преку интуиција или со психолошка анализа на личноста. Поради тоа, смета Џекобс, бараниот метод е рационална интерпретација што опишува објективна ситуација со која се соочува актерот и ги осветлува оние аспекти на ситуацијата кои ја поттикнале да се однесува на начин на кој таа се однесувала. Вебер ја опишува рационалната интерпретација како "хипотеза" или "идеално-типска" конструкција за ситуацијата на актерот. Општествениот научник во неговиот модел ги инкорпорира оние карактеристики на ситуацијата што тој ги смета за критични за разбирање на значењето што актерот ѝ го придава, запоставувајќи ги, притоа, најзначајните аспекти. Работната претпоставка е, смета Џекобс, дека типичниот актер се однесува рационално, ефикасно следејќи ги целите за кои тој е целосно свесен. Задачата на социологот е да ја открие причината или мотивот што ја прави акцијата рационална или ѝ дава рационална смисла или значење на тој тип актер во таков тип на ситуација. Целта или значењето на акцијата во значајна смисла е конструирана од ситуацијата и "изведена" од неа (Jacobs, 1990:561).

Според М. Ѓуриќ, Вебер јасно стави до знаење дека разбирањето не е обично интуитивно сживување во душевните состојби на другите, ниту доживување во фантазијата на туѓи чувства и расположенија (како што мислеле многу негови идеалистички настроени современици). Според Веберовото мислење, разбирањето е една форма на сознание што е својствена само за општествените науки. Разбирањето претпоставува идентичност на субјектот и објектот на сознанието, а од другите форми на сознание се разликува според тоа што има највисок степен на јасност и извесност. Тоа се состои во откри-

вање на вистинските психички доживувања, т. е. внатрешните мотиви кои претставуваат смислена основа на човековото дејствување. Со оглед на фактот што во светот на природните настани нема никакви внатрешни субјективни елементи кои дејствуваат како каузални фактори, со помош на разбирањето може да му се пристапи само на човекот, а не и на природата (Đurić, 1964:72).

За Вебер социолошките анализи на предметот на истражување преоѓаат во *разбирање* на значењето што актерите им го придаваат на ситуациите или на појавите што се предмет на социолошкото истражување во *објаснување* на општествените правилности (регуларности): разбирањето треба да биде верифицирано со објаснување, затоа што самите анализи на разбирањето имаат само *хипотетичка* вредност. Подоцна, во современата феноменологијата и етнометодологија се случи отстапување од наведеното гледиште на Вебер во поглед на односот меѓу разбирањето и објаснувањето. Имено, феноменолозите и етнометодолозите "заробени" на микрорамниште го отфрлаат постоењето на општествени правилности (структура, класи, статусни групи и сл.), изнесувајќи гледиште дека социологијата не може да оди подалеку од разбирањето на значењата кои индивидуите му ги даваат на светот околу нив. Претставниците на овие теориско-методолошки правци во современа социологија сметаат дека разбирањето е *краен резултат* на социолошкото истражување, притоа, отфрлајќи ја можноста за изведување на каузални објаснувања.

## V. Промена на категоријата на каузалност и методот на каузалната анализа во социологијата

На Вебер сосема му беше јасно дека сознанието што се добива само со помош на постапката на разбирање, во суштина може да биде проблематично. Разбирањето како појдовна точка во социолошкото истражување и како хипотетичка вредност не е во состојба да воспоставува несомнена врска меѓу причината и последицата. Тоа е возможно со постапката на каузално објаснување. За да го избегне волунтаризмот или произволноста, истражувачот преку постапката на разбирање, единствено што може е, по искуствен пат да ја спореди предложената интерпретација со вистинскиот тек на настанот, т.е. да се провери дали тоа е смислено адекватно и во исто време и каузално адекватно. Од една страна, една разбирлива врска може да биде адекватна ако се однесува на смислата или значењето што овозможува да ја "разбереме"

во еден образец (тип) на акција или социјална интеракција и од друга страна, адекватно ако се однесува до анализата на фактите за постоење на каузална врска или меѓузависност.

Ваквиот начин на споредување во социологијата е можен со употреба на *мисловен експеримент* со цел историските настани да можат каузално да се објаснат. Вебер сметал дека од општествените науки само психологијата може да го употребува експерименталниот метод, додека другите општествени науки во тоа се ограничени. Веберовиот мисловен експеримент е логика на квази-експеримент. Под терминот "мисловен експеримент" Вебер подразбира една форма на хипотетичка реконструкција на објективно можен развој под променети услови: откако прво истражувачот во мислата ја отстрани (апстрахира) онаа причина што го интересира, па потоа тој се прашува дали во тој случај ќе можеше да се случи она што вистински не се случи. Таква е смислата на познатиот пример што Вебер му го позајмува на Маер (Meyer): кога историчарот вели дека последиците од битката на Маратон (меѓу Атињаните и Персиците) беа преживување и цутење на грчката слобода, набљудувано од аголот доколку излезот од битката беше поинаков, може да се претпостави дека Персијците ќе реагирале како што тоа го направиле во аналогниот контекст - дека тие ќе го фаворизирале воспоставувањето на еден теократски режим на управување. Тука навистина има каузално објаснување: спасувањето на грчката слобода е адекватна последица на победата на Маратон (Raynaud, 1996:42). Како што напоменува Ф. Рејно, дури ако се пристапи кон каузално објаснување, што е суштина на секоја теориска наука, каузално воспоставените односи од страна на историчарот имаат само едноставна позиција на веројатност, а не на нужност.

Меѓутоа, интересот на историчарот во употребата на каузалната анализа се разликува од онаа на социологот: ако социологот се стреми да ги определи општествените правилности, историчарот бара да го направи јасно значењето на единствената последица. Поради ова, Р. Арон инсистираше врз промената што ја претрпи категоријата на каузалност кај Макс Вебер:

> "Каузалната поврзаност во историјата никогаш не се сведува врз еднаквост. Навистина, ако ние пишуваме историја на еден настан, тоа значи дека ние разликуваме последна (крајна) од претходната состојба. Но, дали причината се дефинира како постојано и непроменливо минато? Дали тука има контрадикторност да се зборува за причини за еден посебен настан? Вебер одговара дека идејата за каузалност содр-

жи два елементи: од една страна правило на сукцесија, а од друга страна врска меѓу два термина. Според околностите, едниот или другиот елемент е нагласен. Во историјата значењето на правилото се стреми да се избрише во прилог на динамичката врска." (Aron, 1970:235, Raynaud, 1996:42-3).

Оттука произлегува дека едно истражување со употреба на Веберовиот метод на социолошко резонирање само ако истражувачот се повикува, барем имплицитно на социолошки правилности, во цитираниот пример, може да се каже дека битката на Маратон имала решавачка историска важност (дозволувајќи развој на една "слободна" култура, рационална и секуларна, отколку на една култура теократски религиозна). Применетото правило (Персијците се стремат да промовираат во освоените земји владеење од теократски тип) е можна целосна суровост - но тоа води кон социолошки "закони". (Рејно)

Веберовата цел - појасно да ја разграничи социологијата од историјата - не се запира на ова рамниште на каузалната анализа. Тој во анализата на религијата во *Протестантската етика и духот на капитализмот, Древното Еврејство, Религијата на Кина* и посебно во анализата на улогата на протестантската етика во настанувањето на капитализмот не го прикажува настанувањето на капитализмот како *дедуцирлив* процес од еволуцијата на религиозните верувања. Напротив, истакнува Ф. Рејно, покажувајќи го епигоналниот карактер на "капиталистичкиот пуританизам" анализата на Вебер придонесе да се урне ретроспективната илузија за крајните цели. Во ова ригорозно разграничување меѓу социологијата и историјата, од епистемиолошка гледна точка, Вебер придонесе да се разграничат две можни употреби на "случајни" факти. Имено, случајниот факт може да интервенира на два начина во историскиот дискурс: може да биде *ratio essendi* во каузалниот синџир и ratio cognoscendi во опфаќање на интелектуално реконструираниот тоталитет (општ концепт или идеален тип). Од една во друга употреба, логичкиот статус темелно се менува. Ако тој е земен како *ratio essendi* неговата сопствена ефикасност однапред се спротивставува на секој обид на тотализација на историјата, бидејќи каузалната анализа претпоставува дека отсуствување на настан или значајна личност во дадена конјуктура може да го менува текот на историјата. Земен како *ratio cognoscendi*, напротив единечниот факт може да се најде интегриран во еден тоталитет, чиј сопствен принцип се манифестира во секој од неговите елементи. (Raynaud, 1996:58).

Веберовата каузална анализа е мошне сложена и таа може да се реконструира од неговите истражувачки трудови како што тоа го

прави Стефан Калберг (Kalberg, 1994). Така, за Вебер смета Калберг, регуларните ориентации на акцијата никогаш не стојат сами. Тие првенствено постојат во констелации и влијаат една врз друга континуирано, навистина до оној степен кога создавањето на единичен ефект е крајно неверојатно. Така, се покажува дека мулти-каузалните претпоставки сами не се доволни; во дополнување се бара контекстуален начин на објаснување надарен со аналитичка моќ да го концептуализира мноштвото на обрасци на акциски ориентации и конјуктурни односи меѓу нив. Во целина, ако се настојува да се постигне "адекватна каузалност", според Веберовата каузална методологија, мора да постојат а) олеснителни и неопходни ориентации на акцијата, б) синхрона (во рамките на сегашноста) и дијахрона интеракција (меѓу минатото и сегашноста) и треба да се идентификуваат и в) конјуктурните интеракции на образецот на акција што се појавуваат во нејзиниот контекст. Со потврдување на каузалната важност и на сегашноста и на минатото и интегрирњето на единечните олеснителни и неопходни акциски ориентации во "фабрика" на мултипликациски ориентации. Ваквите динамички интеракции, во Веберовите текстови обезбедуваат адекватни каузални објаснувања на образецот на акција. Ако оваа трофазна методологија се земе како водечки критериум, смета С. Калберг, тогаш Веберовата фрагментарна анализа на настанувањето на монотеизмот се крие во *Древното Еврејство, Религијата на Кина* и во делот *Социологија на религијата* во книгата *Стопанство и општество,* може да биде реконструирана (Kalberg, 1994:564-5).

Сепак, каузалната анализа на општествените феномени во Веберовата методологија не може да се изведе без две неизбежни методолошки постапки: комапаративната и конструкцијата на идеалните типови кои исто така ја претпоставуваат компаративната процедура. Класичните социолози како Диркем, Маркс, Вебер кои ги втемелија општествените науки, употребувале историско-компаративен метод. Ако Диркем компаративниот метод го изедначи со социологијата (*Правила на социолошкиот метод*), Вебер нагласува дека компаративно-историскиот метод е најдобро и најприкладно средство што на социологијата ѝ стои на располагање за проучување на општествената каузалност. Практичната примена на компаративно-историскиот метод е мошне јасно забележлива во сите негови истражувачки трудови, тргнувајќи од *Протестантската етика и духот на капитализмот* па се до *Стопанството и општеството.* Посебна ренесанса овој метод доживува во последните децении на 20 век. Така, во својата статија *Дали социологијата на 1980-те е во мирување?*, Роналд Колинс (Collins,

1986:1346) забележува дека "без сомнение последните неколку децении беа златната ера на историската и компаративна социологија".

## ЗАКЛУЧОЦИ

1. Веберовото гледиште на социолошкиот метод започна да се оформува во 1880-те години во една карактеристична интелектуална и полемична клима која беше означена како "борба околу методот". Вебер заседе критички став со настојување да ги надмине ограничувањата на историцизмот но и на позитивизмот следејќи ја кантовската и неокантовската епистемолошка традиција и прифаќајќи одредени критички забелешки врз историцизмот изнесени од Карл Менгер.

2. Вебер својот метод го означи како методолошки "индивидуализам", што го прифатија во своите интерпретации Хајек, Попер, Будон и др. Меѓутоа, ваквото означување може да се смета како доктринарно, бидејќи во своите комплексни историско-компаративни истражувања кои "претставуваат градилишта на социолошки категории" (Ж. К. Пасерон) тој применува и методолошки "холизам". Така методолошкиот индивидуализам не е специфика на Веберовото дело, бидејќи тој како појдовна точка во социологијата ја зема индивидуата и нејзината акција бидејќи од тоа поаѓаат и други познати социолози како Маркс, Токвил, Зимел, Парето.

3. Веберовото гледиште за методот е поврзано со неговиот став кон културните вредности, што е во согласност со неокантовската епистемолошко-филозофска традиција. Неговото сфаќање за вредностите е посуптилно и покомплексно што содржи елементи на позициите на Маркс и Диркем. Науката, според Вебер, е водена од вредности како што се интегритет, строгост, јасност и вистина, но тие претставуваат и критериум во изборот на предметот и методот на истражување. Вредносната слобода или вредносно-неутралната наука секогаш е во рамките на нашата култура и нашите лични избори (И. Крејб).

4. Категоријата разбирање што Вебер ја воведува во дефиницијата на социологијата како наука е неодминлива во неговото сфаќање на особеноста на социолошкиот метод и тоа: а) со оваа категорија почнува работата на социологијата, б) таа доведува до специфичното во социолошкото сознание во однос на сознанието во природните науки, в) таа го овозможува преминот кон каузално објаснување или кон поставување на хипотеза. Вебер разликува два вида на разбирање - актуелно разбирање и објаснувачко разбирање. Разбирањето добива форма на смислено адекватно и каузално адекватно.

5. Вебер придонесе да се разјасни специфичноста на каузалноста во историјата и општеството и начинот на кој таа може да се проучува. Во таа смисла Вебер го предлага "мисловниот експеримент", под што тој подразбира една форма на хипотетичка реконструкција на објективно можен развој под променети услови, т. е. откако прво истражувачот во мислата ќе ја апстрахира онаа причина што го интересира, па потоа прашувајќи се во тој случај дали можеше да се случи она што вистински не се случи. Со тоа категоријата каузалност кај Макс Вебер претрпи промена, бидејќи таа во историската и социолошка анализа е само веројатна а не нужна. Во оваа смисла каузалната анализа може да се одвива во две поврзани фази - синхрона и дијахрона, но и на две различни, но исто така поврзани рамништа: во смисла на *ratio essendi* и во *ratio cognoscendi*, применувајќи притоа историско-компаративна и идеално-типска процедура.

**Белешки:**

[1] Од наведената дефиниција на социологијата одреден број социолози сметаат дека новата категорија што ја воведе Вебер - *разбирање* (verstehen) е најкарактеристична во означувањето на неговото методолошко гледиште, бидејќи според нив, во проучувањето на човековата акција, единствено што можеме да го разбереме е поведението (однесувањето) на индивидуата или индивидуите. Разбирањето е својствено само за општествените науки, како што тврди Вебер. Понатаму се тврди дека "Вебер инсистира врз методот на разбирањето само затоа што значењата ги изедначува со вистинските мотиви (Đurić, 1964:72). Токму поради ова, Џекобс го поставува прашањето: со кој метод општествениот научник ги открива субјективните значења? Со "разбирање", според најголем број од Веберовите интерпретатори. Всушност, "овој термин за него значи резултат, а не метод" што експлицитно Вебер го истакнува во неговите есеи за *Рошер и Книс*. Вебер разбирањето и неговата рационална интерпретација ја опишува како "хипотеза" или како "идеално-типска" конструкција за ситуацијата на актерот, од една страна и како средство за каузално објаснување, од друга страна. Оттука, произлегува дека Веберовиот социолошки метод не може да се сведе врз "метод на разбирање" макар колку да е неговата методологија препознатлива и со оваа компонента на неговиот метод или со една од основните категории во интерпретативната социологија.

[2] Поради ограниченоста на просторот за објавување на овој труд, а во врска со подтемата *Веберово поимање и улога на идеалниот тип во социолошката ме-*

*тодологија и неговото влијание во современата социолошка методологија* е подготвен посебен текст што ѝ е доставен до редакцијата на списанието "Социолошка ревија" со предлог за објавување во наредниот број.

## Литература:


Aron, R. (1970), La philosphie critique de l'histoire, Paris: Le Seuil; navedeno spored Raynaud, 1996).

Boudon, R. (1991), Individualisme et holisme dans les sciences sociales, en: L'individualisme - Théories et méthodés, sous la direction de P. Birnbaum et J. Leca, Paris: Presses de la fondation nationale des sciences politiques.

Boudon, R. (1998), Etudes sur les sociologues classiques, Paris: Quadridge/ Presses Universitaires de France

Boudon, R., Bourricaud, F. (1982), Dictionnaire critique de la sociologie, Paris, Presses Universitaires de France

Collins, R. (1986), Is 1980's sociology in the doldrums? *American Joumal of Sociology*, 91:1336-1355

Craib, J. (1997), Classical Social Theory, Oxford, New York: Oxford University Press

Đurić, M. (1964), Sociologija Maksa Vebera, Zagreb: Matica Hrvatska

Георгиевски, П (1999), Актуелноста и значењето на Диркемовото социолошко дело, во: Диркем и современата социологија, Зборник на трудови од меѓународен симпозиум, Скопје; Филозофски факултет-Институт за социологија

Gouldner, A. (1975), For sociology: Renewal and Critique in Sociology Today, Penguin Books (pp. 3-26).

Haralambos, M. & Holburn, M. (1995), Sociology, fourth edition, London: Colins editional

Jacobs, S. (1990), Popper, Weber and the rationalist approach to social explanation,The British Journal of Sociology, Vol. 41, No 4.

Kalberg, S. (1994), Max Weber's analysis of the rise of monotheism: a reconstruction,The British Journal of Sociology, Vol. 45, No 4.

Marks, K., Engels, F. (1964), Nemačka ideologija, I knjiga, Beograd: Kultura.

Mouzelis, N., (2000), Sociološka teorija: Što je pošlo krivo? - Dijagnoza i pomoć, Zagreb: Naklada Jesenski Turk-Hrvatsko sociološko društvo.

Nisbet, A., R. (1973), The Sociological Tradition, Basic Books, New York.

Popper, K. (1969), The Poverty of Historicism, London: Routledge, Kegan Paul.

Raynand, Ph. (1996), Max Weber et les dilemmes de la raison moderne, Paris: Quadrige/Presses Universitaires de France.

Ritzer, G. (1997), Suvremena sociologijska teorija, Zagreb: Nakladni zavod Globus.

Weber, M. (1989), Protestantska etika i duh kapitalizma, Sarajevo: Veselin Masleša-Svijetlost.

Вебер, М., (1976), Привреда и друштво, I и II део, Београд, Просвета.